**Стојмир Симјановски**

# ЖИВИ СЕНКИ

Кога човек ќе ја загуби врската помеѓу сонот и јавето не само што не ќе знае на кој свет му припаѓа, туку не ќе може да сфати што се случува со него. Такво нешто во последно време се случуваше со професорот Мате кој пола од векот го мина над некакви нацрти и формули за кои никој ништо не знаеше освен неговата сврженица Ката. Мате надвор скоро и не излегуваше, а и кога ќе излезеше бегаше и се криеше од луѓето како должник од жиранти. Зошто толку ги избегнуваше луѓето и како можеше да издржи по цели денови и по цели ноќи затворен во станот, никој не знаеше, иако тоа многумина ги интересираше особено откако почна да се зборува за некоја чудна девојка што ја гледале во неговиот стан.

Зборовите за девојката се проширија откако неколкумина студенти отишле една вечер да го прашаат нешто професорот. Тропнале на вратата и, за чудо, им отворила девојка која воопшто не личела на суштество од овој свет. Студентите ја прашале дали е дома професорот, а таа само се насмевнала и студентите на еднаш се нашле долу во дворот, иако ни тогаш а ни после не можеа да кажат дали самите избегале или нешто ги оддувало по скали. Сепак за луѓето не беше важно ни нивното бегање ни тоа што секој различно ја опиша, туку тоа што сите велеа дека девојката повеќе личела на сенка.

И веќе фатија луѓето да зборуваат кому што ќе му текнеше. Едни велеа дека девојката е некоја Матева соработничка од Јапонија која го посетува откако Мате се врати од специјализацијата од Токио, други дека е некоја негова тајна љубовница што ја крие од Ката, трети нешто трето ќе си induce речеа и така гласот за таинствената девојка се прошири низ цел град.

Тешко **ѝ** беше на Ката да го слуша сето тоа, но што можеше кога никој и никогаш ве успеал да им ги затвори устите на луѓето. Таа еднаш и му рече за тоа на Мате, но тој само се исмеа.

— Студентски измислици — **ѝ** одговори.

— Ама, Мате, па цел град зборува за тоа.

— Оние што немаат друга работа, мораат да измислуваат глупости.

Оттогаш Мате повеќе не излегуваше по бело видело што уште повеќе ги зачудуваше луѓето.

И не само Ката и другите, туку и тој самиот се прашуваше што се случува со него. Да беше обичен лаик, тој можеше сешто да си претпостави, но Мате беше научник со строго логички расудувања, иако сега веќе не знаеше што да мисли за себе макар што знаеше дека сето тоа почна откако ги доврши испитувањата за нулти-ефектите на анти-времето со што докажа ека е можно да се постигнат брзини многу поголеми од светлинските.

Понапред Мате сон немаше поради испитувањата, а кога ги заврши, се плашеше од заспивањата, бидејќи само штом ќе задремеше, мислеше дека пропаѓа некаде или дека нешто го пренесува во некој чуден и сонлив свет на живи сенки. Мате наеднаш како да се наоѓаше во некоја смрзната и недогледна пустина западната во мека темнина. Сѐ беше страшно и морничаво таму, а Мате не се плашеше. Понекогаш темницата беше како катран, но тој сепак гледаше и одеше.

Одеше, иако не знаеше ни каде, ни колку ни како. Единствено што знаеше беше дека сосем кусите мигови на сонување на некој несфатлив начин се растегнуваат во недоврвливи години скитање по сенливите пустиње. Со некоја невидлива девојка разговараше и женски глас слушаше, а да види некого не можеше. Девојката како да беше насекаде наоколу па дури и во него, а тој ниту ја гледаше ниту ја осетуваше.

Тераше така тоа секоја ноќ и секогаш кога ќе заспиеше и Мате веќе се плашеше дури и да помисли на сонот. Појде и кај психијатар и тој го прегледа и му препиша нешто за смирување велејќи му:

— Ми се чини дека премногу читате фантастична литература.

— Воопшто не читам — одрече Мате.

— Тогаш гледате такви филмови — беше упорен психијатарот и Мате виде-невиде и се замолче не обидувајќи се да го разубедува докторот.

И бидејќи ни лекарствата не помогнуваа, Мате фати колку што можеше и не можеше да се бори со сонот седејќи по цели ноќи и пиејќи кафиња и таблетки. Се мачеше така неколку време и кога се увери дека и тоа не ќе може да го спаси од соновните мори, се помири со се и разочарано се предаде на налудничавите игри на соништата во кои ја сонуваше невидливата девојка.

— Оваа е нашата планета Тар — му рече една ноќ девојката.

— А зошто овде е секогаш темно? — прашуваше Мате.

— Затоа што нашето сонце  е згаснато.

Мате се разбуди испотен како од вир изваден. Во главата му бучеше, а нозете одвај го држеа. Ја повика Ката и **ѝ** раскажа за своите мачни соништа. Таа, можеби, немаше да им придава важност, ако и самата не гледаше дека Мате се повеќе и повеќе пропаѓа во длабоки психички кризи. Секако се обидуваше Ката да му помогне; му предлагаше да останува со него во ноќите му велеше да одат некаде на прошетка, но тој како да се плашеше и од едното и од другото.

— Знаеш, Кате, моите соништа се многу необични — **ѝ** велеше.

— Па необичните луѓе, необични соништа сонуваат.

— Само јас веќе не можам да повлечам границата помеѓу соништата што ги гледам и јавето што ме из мачува.

— Таквата граница често не постои — одговара на Ката.

Мате мислеше дека таа се шегува со него за да го расположи, меѓутоа Ката знаеше до какви сознанија дојде Мате и беше сигурна дека таму требаше да се бараат причините за неговите чудни соништа.

Таа вечер успеа малу да го ослободи од тмурните мисли и тој порано си легна. Легна и веднаш се најде на сенливата Тар. Пак му се чинеше дека со векови скита низ бескрајните пространства на планетата на сенките. Гласот што секогаш го слушаше, сега му велеше да оди некаде и Мате одеше. Таа ноќ за првпат осети студ и поради тоа се разбуди.

Сега веќе и нему му се причини дека некаква женска сенка се разметкува низ сонот и Мате уште повеќе се заплаши и загрижи. Дури сега му стана јасно што виделе студентите кај неговата врата и немајќи повеќе храброст да останува сам во станот, почна да ја вика Ката да спие кај него, иако добро знаеше дека од живата сенка не можеше ништо да го заштити.

Една вечер си легна порано и мислеше дека уште не беше задремал кога наеднаш како да запропаѓа некаде. Пропаѓаше сè побрзо и побрзо додека не се најде на Тар.

Гласот од девојката го водеше низ темнината и Мате тргна како замаан низ студот што не го осетуваше и по смрзнатата планета што не ја допирнуваше. Не како тој да одеше, туку како планетата да леташе под него како недогледна и неизмерна сенка заробена некаде во врлежот на времето. И се што гледаше како да беше сенка па дури и за себе помислуваше дека е сенка и само мислата го води низ чудниот свет, а телото му е останато некаде на неговата планета.
Најпосле Мате се најде во подземен град седнат на бела машина. Тогаш за првпат ја виде живата сенка која ја забележуваше само како синкава проѕирна девојка.

— Сега си во нашата димензија — му соопштуваше девојката.

— Само не знам зошто ме донесовте овде? — прашуваше Мате.

— За да ги спасиме другите светови.

— Не разбирам! — се бунеше Мате.

— Ние прво ти ги дошепнавме формулите за анти-времето, но после утврдивме дека вие луѓето би биле премногу опасни кога би можеле да летате надвор од вашиот сончев систем . . .

— Мислите дека луѓето би војувале со други цивилизации?

— Луѓето можат да го менуваат светот околу себе, но не можат и самите себе да се менуваат и додека има луѓе, ќе има и војни.

— А како дознавте за моите испитувања? — сè уште не сфаќаше Мате.

— По изгаснувањето на нашата ѕвезда, телата на жителите на Тар дотолку ое метаморфозираа што сега ние сме само енергија и нашите мисли можат да допрат до секој дел на галаксијава. Сакавме да ја искористиме таа своја можност и да им помогнеме на разумните суштества да ги совладаат апсолутните брзини...

— И ме одбравте мене — веќе почна да сфаќа Мате.

— Да, ние прво се обидовме да го приспособиме твојот мозок за да може да навлезе во тајните на вишите сознанија, но таа наша замисла се покажа како неостварлива, бидејќи таквите сознанија ќе можат корисно да се употребат, само ако природно се стекнати а не и ако друг ви ги всади . ..

— И што ќе биде сега со мене? — наеднаш му стана јасно на Мате што се случувало со него.

— Ништо, само повеќе нема да се сеќаваш ни за формулите ни за средбата со цивилизацијата на Тар
Мате се замолче и седеше беспомошен во машината чувствувајќи како девојката му го дупи челото и му всадува нешто во мозокот.

— На челово ќе ти оставиме лузно преку кое секогаш ќе знаеме што мислиш и што се случува на Земјата — му рече најпосле девојката и Мате се разбуди свеж и одморен и веднаш и рече на Ката.

— Замисли каков глуп сон сум сонувал ноќеска. Некоја сина девојка ми вршеше операција на мозокот и ми рече дека ќе ми оставела лузно на челово. И да ти кажам право, ми беше мака што ќе сум останел така бележен, но среќа што тоа беше само сон.

На неговото чело се гледаше лузното големо колку еден лешник. Ката погледна во Мате и се стаписа.

## БИОГРАФИЈА

**Стојмир Симјановски** е роден на 13 август 1937 година во селото Иваништа, Кичевско. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата Македонски јазик со историја на книжевностите на народите на Југославија.
Ги објавил следните дела: *Чесно дрво,* (раскази, 1972), *Црвени утра,* (роман, 1975), *Синови на горите,* (роман, 1976), *Ацела,* (научнофантастатичен роман за деца, 1977), *Белата голгота,* (роман, 1981), *Веснинoто писмо,* (роман за деца, 1983), *Фаќачи на вампири,* (раскази, 1985), *Ќерката на ѕвездите* (научнофанстатичен роман, 1985), *Третиот завет,* (роман за деца, 1988), *Двојната Ева,* (роман за деца, 1991). Повеќето раскази му се преведувани на српскохрватски јазик. Пишува радиодрами, фељтони и есеи. Добитник е на наградите „11 Септември“ и на „Курурче“.